ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
"КОМУНАЛЕЦ"
БР. 0102-372
15.12 2025 ГОД.
Демир Хисар

ЈКП КОМУНАЛЕЦ Демир Хисар

jkpkomunalec@gmail.com

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА И РАЗВОЈ НА

# ЈКП Комуналец Демир Хисар

# за 2026 година

Декември 2025

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА И РАЗВОЈ

# НА ЈКП КОМУНАЛЕЦ ДЕМИР ХИСАР

# за 2026 година

СОДРЖИНА


1. Општи податоци
2. Мисија, визија цели
3. Водоснабдување
4. Одведување и прочистување на отпадни води
5. Изнесување и депонирање на смет
6. Одржување на паркови и зеленило и чистење на јавнопрометни површини
7. Одржување на пазари
8. Одржување на гробишта
9. Финансиски план за 2026

## 1. ОПШТИ ПОДАТОЦИ

Програмата за работа и развој на ЈКП Комуналец Демир Хисар ја предлага Директорот, а ја усвојува Управниот одбор на ЈКП Комуналец Демир Хисар, а согласност дава Советот на Општина Демир Хисар, согласно чл. 11 и 19 од Законот за јавни претпријатија.
Во зависност од потребите програмата за работа и развој ќе се усогласува со финансиските средства предвидени во буџетот на Општина Демир Хисар, финансиските средства на ЈКП, со Одлуки кои ќе бидат носени од Советот на Општина Демир Хисар, Управниот одбор на ЈКП Комуналец и Регулаторна комисија за енергетика на Р.М.
ЈКП Комуналец Демир Хисар е основано од Општина Демир Хисар со Решение бр. 03-1460/4 од 28.05.1966 година.
Со Одлука на Градоначалникот на Општина Демир Хисар бр. 08-954/1 od 25.07.2022 год. именуван е директор на ЈКП Комуналец Демир Хисар Гоце Мицковски со мандат од 4 години.

## 2. ВИЗИЈА, МИСИЈА, ЦЕЛИ

Програмата за работа поаѓа од целите и интересите утврдени на ниво на јавното комунално претпријатие Комуналец Демир Хисар за постигнување на подобри резултати во работењето засновани на расположливите средства за работа и достигнатиот степен на развој.

ЈКП Комуналец Демир Хисар претставува јавен сервис за граѓаните на општина Демир Хисар во областа на комуналните услуги. Работните задачи и деловен успех на ЈКП Комуналец Демир Хисар се базираат на постигнувањето задоволство кај корисниците на нашите услуги преку обезбедување на редовни, континуирани, сигурни и квалитетни комунални услуги како и постојано одржување на нивото на квалитет на истите. Ние настојуваме да го постигнеме и задржиме задоволството кај нашите корисници преку примена на стандардите за квалитет како и почитување на релевантните законски прописи и норми. Политиката за квалитет се спроведува на тој начин што постојаното подобрување на квалитетот се состои во секој дел од нашите активности во рамки на услугите што ги обезбедуваме за нашите корисници:

- Обезбедување услови за непрекинато снабдување на нашите корисници со вода за пиење, одведување на отпадните води континуирано собирање, транспортирање и депонирање на сметот со тоа што целите на претпријатието се усогласени со потребите и очекувањата на корисниците на наши услуги.
- Олеснување на наплата на сметките за комунални услуги за физичките лица преку изработување на платформа за електронска наплата на сметки.
- намалување на трошоците, здрава вода за пиење, заштита на животната средина и чист град се очекувањата на нашите корисници, кои се трудиме да ги исполниме:
- Слободен пристап до информациите, транспарентност во работата на претпријатието.
- обезбедување добри услови за работа на вработените, со што ќе постигнеме повисок степен на квалитет на нашите услуги.
- градиме партнерски односи со граѓаните и добавувачите преку меѓусебна доверба, јасна и отворена комуникација.

- при вршењето на дејноста посебно внимание посветуваме на заштитата на животната средина и зачувување на природните ресурси.

- сите одлуки ги носиме врз база на факти и анализа на релевантни податоци, а со помош на расположливи методи.

- Со обука и мотивација на сите вработени, постигнуваме нивното знаење и искуство да придонесат за перманентно подобрување на процесите и резултатите од работата.

- Раководителите и сите вработени градат клима на меѓусебна соработка, доверба и припадност на претпријатието кое се заснова на грижа на интересите и потребите на секој работник, односно го поттикнува склучувањето на работниците во креирање на работните процеси.

- непрекинато подобрување постигнуваме со усогласување на работата на сите нивоа, бидејќи тоа е определеност на раководството и трајна задача на секој вработен.

## 3. ВОДОСНАБДУВАЊЕ

ЈКП Комуналец Демир Хисар секојдневно ќе се грижи за редовно обезбедување на граѓаните со чиста и квалитетна вода за пиење. Сите настанати дефекти ќе се отстрануваат во најкраток можен рок. Водоснабдувањето на градот Демир Хисар, с. Кутретино, с. Суводол, с. Слепче се обезбедува од бунарското подрачје во с. Граиште со вкупна издашност на двата бунари од 48-50 л/сек . Во препумпната станица од 100 м3 во Мургашево се врши постојано хлорирање на водата и истата се препумпува преку потисниот цевовод до резервоарскиот простор од 1400 м3.
И покрај тоа што во 2017 година се изгради потисен цевовод и нов резервоар од 100 м3 с. Слепче трошоците за електрична енергија се сеуште високи спрема потрошена и фактурирана количина на вода. Во текот на 2019 година изработен е проект за инфраструктура за изградба на нова водоводна мрежа и реконструкција на дел од постоечка водоводна мрежа во населено место с. Слепче Демир Хисар, и Основен прокт за изградба на нова водоводна мрежа и реконструкција на дел од постоечка водоводна мрежа во населено место с. Слепче Демир Хисар и Ревизија на Проект за инфраструктура за изградба на нова водоводна мрежа и реконструкција на дел од постоечка водоводна мрежа во населено место с. Слепче Демир Хисар за намалување на загубите на вода и намалување на трошоците за електрична енергија. Во текот на 2024 година со средства од Општина Демир Хисар реконструиран е најкритичниот крак од водоводна мрежа Слепче во висина од 1.000.00,00 денари, со што во одредна мера се намалија загубите на вода поради застареност и дотраеност. Почетокот на 2026 година се планира да се отпочне со изведување на реконструкцијата на останатиот дел од водоводната мрежа за што се обезбедени средства од Владата на Р. Македонија.
Во текот на 2026 година се планира да се изврши реконструкција и на водоводна мрежа во с. Загориче и Утово .
ЈКП Комуналец планира да во 2026 година изработи Проект за фотоволтаици на препумпни станици

Вкупен број на корисници:

- Демир Хисар

| | |
|---|---|
| - правни | 177 корисници |
| - физички | 701 корисници |
| - с. Кутретино и с. Суводол - | 196 корисници |
| - с. Слепче - | 192 корисници |
| - с. Журче - | 78 корисници |
| - с. Прибилци - | 74 корисници |
| - с. Утово и с. Загориче - | 44 корисници |
| - с. Стругово | 66 корисници |
| - Рудничка населба +с. Сопотница- | 220 корисници |
| - с. Граиште | 36 корисници |
| - с. Обедник | 62 корисници |
| - с. Белче | 66 корисници |
| - с. Света | 82 корисници |
| - с. Жван | 124 корисници |
| - с. Единаковци | 90 корисници |
| Вкупно: | 2163 корисници |

Во 2025 година беше изготвен Бизнис план и беше поднесено барање до РКЕ на РМ за утврдување на тарифите за снабдување на вода за пиење за регулиран период 2025-2027 година.
Цените за водните услуги се во согласност од РКЕ на РМ.

ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ

- Реконструкција и на водоводна мрежа во с. Слепче .
- Чистење на резервоари Црпен базен с. Мургашево и Резервоар 1400м3
- Чистење на останати резервоари кои се во експлоатација
- Чистење и уредување на каптажи во с. Стругово
- Реконструкција и на водоводна мрежа во с. Загориче и Утово .
- Тековно и инвестиционо одржување на водоснабдителните системи
- Редовно испитување на квалитетот на водата за пиење со перманентно хлорирање
- Намалување на загубите на вода во постоечкиот систем
- Поправка и замена на секторски затворачи

## 4. ОДВЕДУВАЊЕ И ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИТЕ ВОДИ

Ова е една од позначајните дејности за заштита на животната средина
Планирани активности од оваа дејност
- Тековно одржувањена градска канлизациона мрежа
- Дезинсекција дезинфекција и дератизација на градска канлизациона мрежа
- Изработка на техничката документација за колекторски систем од С. Кутретино до Демир Хисар и пречистителна станица за отпадни води со што ќе се заштити Стара Река од еколошка катастрофа, а исто така ќе бидат заштитени подземните води во близина на Црна Река од каде што се водоснабдува Демир Хисар с. Слепче, с. Кутретино, с. Суводол и други селски населби.

Во 2025 година беше изготвен Бизнис план и беше поднесено барање до РКЕ на РМ за утврдување на тарифите за одведување на отпадни води за регулиран период 2025-2027 година. Цените од РКЕ на РМ се применуваат во 2025 година.

Во текот на 2026 година планираме во соработка со општината и граѓаните да ги преземеме канализационите системи во с. Слоештица,с. Сопотница и с. Белче со тоа што ќе се доведат во техничко исправна состојба како би можеле да се предадат на управување и стопанисување на ЈКП Комуналец Демир Хисар. Исто така ЈКП Комуналец Демир Хисар во 2018 година доби донација од Германска амбасада цистерна за септички јами која и во 2026 година ќе биде на располагање на населението каде што има потреба за што е донесена одлука на У.О при ЈКП Комуналец Демир Хисар.

## 5. ИЗНЕСУВАЊЕ И ДЕПОНИРАЊЕ НА СМЕТ

Собирањето на комунален отпад има директно влијание во зачувувањето на урбаната животна средина од аспект на еколошко значење.

Собирањето на комуналниот отпад во градот Демир Хисар и населените места с.Кутретино, с.Суводол, с. Слепче, с. Белче. с.Граиште, с. Журче, с. Прибилци, с. Жван, с. Слоештица, с. Обедник, с. Загориче с. Утово с. Единаковци, с. Света, с. Вардино се врши во садови канти и контејнери од 1,1 м3 за негово времено сместување.

Во 2025 година се започне со подигање на комунален отпад во с. Стругово.

Во 2026 година се планира да се започне со подигање на комунален отпад во с. Бараково.

Транспортирањето на комуналниот отпад се врши со специјални возила до времената депонија Крагуево.

Динамиката на собирање и транспортирање на комуналниот отпад се врши по однапред утврдени Неделен распоред за подигање на смет:

Понеделник:
Ул. 29 ти Ноември, ул. Маршал Тито од Ксенос до раскрсница со ул.Велко Влаховиќ, ул. Битолска од Црна Река Петрол до Макпетрол

Вторник:
Ул. Велко Влаховиќ и остаток од Маршал Тито, Душевна Болница и попречни до 2 ри Септември и с. Слепче, и с. Стругово
Среда:
Попречните од Железник до ул. Јордан Пиперката, ул. Веле Марков и ул. Гоце Делчев до ул. Јордан Пиперката и ул. 1 Мај и с.Кутретино и с.Суводол с. Обедник с. Загориче и с. Утово.
Четврток:
Ул.Гоце Делчев,с. Граиште, с.Белче, с. Единаковци, с. Света, с. Вардино.

Петок:
Мургашево и дел од Партизанска и Железник, с. Сопотница и Рудник Сопотница, с.Прибилци с. Журче, с Жван и с. Слоештица.

Активноста ја реализираме со две специјални возила ѓубретар од по 8м3 и едно возило од 12м3. Во 2026 година претпријатието ќе продолжи со селекција на примарен смет и поставување на садови за селекција на хартија и пластика и по останатите населени места со цел за заштита на животната средина.
Набавка на соодветни канти од 120 л. за собирање на сметот и контејнери за поставуавање во населени места каде не се врши подигање на смет.
Во 2025 година во соработка со Градоначалникот на Општина Демир Хисар се изврши обележување на места во градот за селекција на отпад.

ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ

- Селекција на примарен смет и поставување на садови за селекција на хартија и пластика
- Редовно и навремено собирање и транспорт на комунален отпад
- Обезбедување на соодветни садови за одлагање на смет во кој ќе се врши селекција на сметот од хартија и ПЕТ амбалажа
- Одржување на пристапниот пат до времената депонија Крагуево
- Заградување на времената депонија Крагуево со жица и метални столбови
- Правилно стопанисување со времената депонија периодично засипување со земјен материјал
- Вклучување на нови комунални корисници за подигање на сметот, во согласност со Локалната самоуправа на Демир Хисар.

## 6. Одржување на паркови и зеленило и чистење на јавно прометни површини

Како дејност од заедничка комунална сфера доследно ќе ја извршиме Програмата за чистење на јавни површини за 2026 донесена од Совет на Општина Демир Хисар.

## 7.Одржување на Градски пазар

Од страна на Општина Демир Хисар во 2018 година предадени се на управување Градскиот пазар и јавните клозети на ЈКП Комуналец Демир Хисар
Планирани активности во 2026 година
ЈКП Комуналец како управител на Градски пазар ќе изработи Програма за негово одржување, а таа ќе ги опфати следните активности:

- Редовно одржување на пазарната површина
- Уредување на зелените површини
- Изработка на скали
- Резервации на тезги и наплата на пазарна такса
- Одржување и обновување на тезги
- Организирање на пазарниот ред на градскиот пазар
- Редовно чистење и миење на пазарот

## 8.Одржување на гробишта

Согласно Законот за гробишта погребални услуги започнувајќи од 01.07.2011 година ЈКП Комуналец Демир Хисар е управител на градските гробишта Демир Хисар.
Направаен е Катастар на Градските гробишта, обележување на гробни места воведена е евидентна книга за гробишта.
Во тек е експропријацијата на земјоделско земјиште на граница на гробиштата од источна страна кон м.н Суводол односно на 1 дел од К.П 1219, К.П. 1220, К.П.1221, К.П.1222, К.П.1223, К.П.1224, К.П. 1225, и К.П. 1234 со тоа ќе се надмине долгогодиштиот недостаток на гробни места.

Планирани активности:

- Редовно чистење и косење на тревни површини
- Доопремување на постоечката Капела со поставување на ладилник
- Парцелизирање и бетонирање на нови гробни места
- Одредување на гробно место за закоп на починато лице
- Поставување на метални столбови и жица за оградување на новооформената парцела
- Изработка на бетонска патека
- Засадување на зимзелени дрвја по должина на ограда од источната страна
- Изработка на бетонска ограда ширина 0,50 см и должина 200м

## 9. Финансиски план за 2026 година

Својата дејност јавното претпријатие ја врши со 1 именувано лице (директор) и 33 работници на неопределено време распоредени во:

1. Административна служба и
2. Стручна служба:
2.1 Одделение за водовод и канализација
2.1.1 оддел за водовод,
2.1.2 оддел за канализација,
2.1.3 оддел пумпна станица.
2.2 Одделение за собирање, транспорт, депонирање на отпад и јавна хигиена
2.2.1 оддел за износ на смет и комунална хигиена
2.2.2 оддел за јавна чистота.
2.3 Одделение на гробишта
2.3.1 оддел за уредување и одржување на гробишта.

## 2.1 Одделение за водовод и канализација

Планирани приходи
Во Одделението за водовод и канализација вкупниот приход за 2026 се планира да изнесува 17.370.000,00 ден.

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Приходи од вода – физички лица | 10.000.000,00 |
| | Приходи од вода – правни лица | 5.500.000,00 |
| 2. | Приходи од канализација – физички лица | 1.050.000,00 |
| | Приходи од вода – правни лица | 820.000.00 |
| | Вкупно | **17.370.000,00** |

Поради заминување во пензија на 2 работник во одделението во 2026 год. потребно е да се предвидат нови вработувања на соодветните испразнети места, за успешно исполнување на обврските.

## 2.2 Одделение за собирање, транспорт, депонирање на отпад и јавна хигиена

Планирани приходи

Во Одделение за собирање, транспорт, депонирање на отпад и јавна хигиена вкупниот приход за 2026 се планира да изнесува 14.600.000,00 ден.

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Приходи од куќен смет – физички лица | 3.800.000,00 |
| | Приходи од куќен смет – правни лица | 2.100.000,00 |
| 2. | Приходи од дворен смет – физички лица | 1.500.000,00 |
| | Приходи од дворен смет – правни лица | 700.000,00 |
| | Вкупно | **8.100.000,00** |
| | **Други приходи** | |
| 1. | Приходи од јавна чистота | 1,300,000 |
| 2. | Приходи од други услуги | 3.500.000 |
| 3. | Приходи од зимско одржување | 1.000.000 |
| 4. | Приходи по План за одржување на локални патишта и улици во Општина демир Хисар | 650,000 |
| 5. | Приходи од пазар | 50,000 |
| | Вкупно | **6.500.000,00** |

## 2.3 Одделение за гробишта

Планирани приходи

Во Одделение за гробишта вкупниот приход за 2026 се планира да изнесува 435.000,00 ден.

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Приходи од гробни места | 85.000 |
| 2. | Приходи од одржување на гробишта | 350,000 |
| | Вкупно | **435.000,00** |

## План за распределба на вкупниот приход и трошоците за 2026 година

**ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ**

| | |
|---|---|
| - Приходи од Одделението за водовод и канализација | **17.370.000,00 ден.** |
| - Приходи од Одделение за собирање, транспорт, депонирање на отпад и јавна хигиена | **8.100.000,00 ден.** |
| - Други приходи | **6.500.000,00 ден.** |
| - Приходи од Одделение за гробишта | **435.000,00 ден.** |
| - **ВКУПНО ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ** | **32.405.000,00 ден.** |

**ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ**

| | |
|---|---|
| - Трошоци за електрична енергија | 7.200.000,00 ден. |
| - Трошоци за гориво и огрев | 1.400.000,00 ден. |
| - Трошоци за плати | 18.500.000,00 ден. |
| - Општи трошоци од работењето | 5.245.000,00 ден. |
| **ВКУПНИ ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ** | **32.345.000,00 ден.** |

**Планирана добивка :** **60.000,00 ден.**

Припремил:
Тех. дир. Пецо Наловски

**18.12.2025 година**

**ЈКП Комуналец Демир Хисар**
**Директор**
**Мицковски Гоце**